30335

CLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00674

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ЕКРАН
Скопје

20 MAJ 1983

653, 34,

ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

# СЕЛЕКЦИЈА БЕЗ КОМПЛЕКС

Скопје деновиве има чест да биде домаќин на премиерната поставка на современиит француски цртеж во нашата земја, изложба која со повеќе свои карактеристики носи елементи на вистински ликовен хит. Селекцијата, најпрвин нуди широк спектар на развојот на цртежот од „придружната" до самостојната, автохтона ликовна дисциплина до оние резултати во кои гонистите, носителите на дејствијата од кои ќе произлегува драматичниот судир. направена е селекција без комплекс по малку школска, но секогаш атрактивна и — навистина — нова.

Само Французите можат, со гордост да дадат лекција на секој уметнички сепаратизам, затворање во границите на регионот, покраина или неизживеаните малограѓански географско--политички простори. Во изборот од над 70 автори на изложбата на францускиот современ цртеж речиси половината не се Французи по националните знаци. Ги има тука од оние кои останале без матичното државјанство, има десиденти, минувачи, уметници на привремена работа во таа земја, сите оние кои на на квалитетен начин помогнаа за афирмација на културата на создавањето и културата на вреднувањето на убавите уметности. Така се сретнуваме со Унгарецот **Шен Арпад,**, со Германецот **Ханс Хартунг,** со Португалката **Мари Елен Виеира да Силва,** со Американецот **Грегориј Масуровски,** со неколкумина Белгијци, Италијанци, Австријанци, Шпанци и Југословени. Миодраг Ѓурик — Дада со една набиена надреална композиција и Владимир Величковиќ — посебно, се извонредни репрезенти на модерните текови на светскиот цртеж.

На крајот, изложбата сѐ уште е отворена и секако треба да се види. Во тоа разнородно стилско шаренило постои вонредна мера на рамнотежа што не е за потценување.

**оценка + + +** **Ладислав Боришиќ**